20945

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping • press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289

Isečak iz lista

Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

21. VI. 1973



**Кралот Бодуен и кралицата Фабиола, во придружба на Никола Минчев со сопругата, пред влезот во црквата Свети Спас**

# КРАЛОТ БОДУЕН ВО СКОПЈЕ И ОХРИД

## — БЕЛГИСКИОТ КРАЛ ВО СКОПЈЕ ГО ПРЕЧЕКА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ НИКОЛА МИНЧЕВ

Белгискиот крал Бодуен и кралицата Фабиола допатуваа вчера во Скопје. На аеродромот Петровец крал ската двојка беше пречека на со највисоки почести и срдечно добредојде што им го пожелаа нивните домаќини за време престојот во нашата Република, претседателот на Собранието на СР Македонија Никола Минчев со сопругата. Во придружба на кралот Бодуен во Скопје допатуваа Марко Булц член на Претседателството на СФРЈ и Рихард Штајнер, амбасадор на СФРЈ во Брисел. За време на посетата на Скопје, кралот Бодуен, кралицата Фабиола и членовите на нивната придружба ги разгледаа црквата Свети Спас, Музејот на современата уметност и манастирот Свети Пантелејмон, а од падините на Водно ја разгледаа и панорамата на градот. Напладне, во чест на високите гости од Белгија, Никола Минчев со сопругата приреди свечен ручек на кој беа разменети здравици. Во раните попладневни часови кралската двојка и придружбата допатува во Охрид.

Специјалниот „Иљушин 18" на Југословенското воено воздухопловство, со кој кралот Бодуен и кралицата Фабиола од Белград допатуваа во дводневна посета на СР Македонија, слета на скопскиот аеродром неколку минути по 10,30 часот. По излегувањето од авионот, тие беа пречекани и поздравени од Никола Минчев и неговата сопруга, а пионерите Татјана Ранчковиќ и Љупчо Зарезанков им предадоа букети свежо цвеќе. Потоа, на белгиската кралска двојка им беа претставени личностите што присуствуваа на свечениот пречек — д-р Ксенте Богоев со сопругата, генералполковникот Васко Карангелески, Драгољуб Ставрев, Ванчо Апостолски, Мети Крлиу, Томе Буклевски, Ванчо Цветковски, генералполковникот Тихомир Шаревски, генералмајорот Душан Батиница, генералмајорот Тодор Атанасовски, членовите на конзуларниот кор и други. По интонирањето на државните химни на Белгија и Југославија, кралот Бодуен, во придружба на Никола Минчев, изврши смотра на почесната чета на ЈНА.

**Скопјани топло ги поздравија кралот и кралицата**

Срдечно пречекана и поздравена од неколку илјади скопјани колоната автомобили со високите гости помина низ источниот дел од градот на пат кон црквата Свети Спас каде беше разгледан познатиот иконостас и гробот на Гоце Делчев. Веднаш потоа, кралската двојка и придружбата го посети и Музејот на современата уметност на Кале каде директорот Боро Петковски детално ги запозна со бројните експонати. Кралот Бодуен и кралицата Фабиола, кои се извонредни познавачи на ликовната уметност, со големо интересирање и внимание ја разгледаа галеријата.

(Продолжува на 5-та стр.)

# Белгиската кралска двојка во Скопје и Охрид

(Продолжение од 1-ва стр.)

И на патот кон Водно, низ улиците на Скопје кралската двојка беше срдечно пречекана. Во близината на Средно Водно, колоната автомобили запре за да кралот Бодуен и кралицата Фабиола можат од „птичја перспектива“ да ја разгледаат панорамата на градот. Тука претседателот на Собранието на Скопје Драгољуб Ставрев ѝ ја раскажа на кралската двојка десеттодишната епопеја за уништувањето и повторната изградба на Скопје, изразувајќи ги притоа чувствата на благодарност и признание на Скопјани за големата хуманост и солидарност на Белгија

Во манастирот Свети Пантелејмон високите гости беа одушевени од архитектурата, историјата и фреските во овој вреден културно-историски споменик. Тие подолго време минаа во деталното разгледување на видните слики на манастирот, поставувајќи многу прашања за, речиси секоја фреска одделно.

Во зградата на Собранието на СР Македонија, Никола Минчев со сопругата во 13 часот приредија свечен ручек во чест на белгискиот крал и кралица и нивната придружба.

Нешто пред 15,30 часот, колоната автомобили со кралската двојка повторно Петровец.

Точно во 15,40 часот специјалниот авион со кралот Бодуен и кралицата Фабиола, придружувани од Никола Минчев со сопругата полета за Охрид.

**З. Блајер**
**Б. Нацевски**
Фоторепортер:
**А. Ивановски**